Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-693/10
Прилеп, 28.05.2025 год.

Врз основа на член 333 став 1 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и член 38 став 1 од Статутот на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп (арх.бр. 02-2251/15 од 11.06.2019 год. - пречистен текст), Собранието на акционери на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 28.05.2025 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за стекнување сопствени акции со откуп**

**Член 1**

Да се изврши стекнување на сопствени акции со откуп до една десеттина од основната главнина на друштвото.

Номиналниот износ на стекнатите акции со откуп не смее да надмине една десеттина од основната главнина на друштвото.

Стекнувањето на сопствени акции со откуп да се изврши преку правно лице овластено за вршење брокерски работи.

**Член 2**

Времето во кое треба да се изврши стекнување сопствени акции со откуп изнесува најдолго 12 /дванаесет/ месеца од денот на донесувањето на оваа одлука.

**Член 3**

Минималната противвредност којашто може да се плати за стекнувањето на сопствените акции со откуп изнесува 10.000,00 денари.

Максималната противвредност којашто може да се плати за стекнувањето на сопствените акции со откуп изнесува 14.000,00 денари.

Со стекнувањето на сопствените акции не смее да се намали имотот на друштвото под износот на основната главнина и резервите коишто се определени со закон и со статутот на друштвото и коишто не смеат да се користат за исплата на акционерите.

Стекнувањето на сопствените акции со откуп да се изврши од резервниот фонд за оваа намена.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно членот 333 став 1 од Законот за трговските друштва, Друштвото може да стекнува сопствени акции со откуп, самото или преку лице кое дејствува од свое име, а за сметка на друштвото, под услов е да бидат задоволени законските барања наведени во споменатата одредба.

Друштвото и во претходните деловни години, на годишните собранија на акционери, донесуваше вакви одлуки. Врз основа на одлуките, на денот на донесувањето на оваа одлука стекнати се 2.930 акција, која не дава право на глас и право на дивиденда, што претставува 3,82% од вкупен број издадени акции на друштвото. Целта на стекнувањето сопствени акции со откуп е да се превенира можноста од евентуални непријателски преземања на друштвото.

Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

______________________